СТОМАТОЛОШКА КОМОРА
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 15-1250/1
19.10 2018 год
СКОПЈЕ

Записник од конститутивна седница на Централната изборна комисија на Стоматолошка комора на Македонија одржана на 19.09.2018 година

На седницата присуствуваа сите членови на Централната изборна комисија на СКМ.

Откако беше утврдено дека ЦИК има кворум за работа и одлучување, претседателот на оваа Комисија и нејзините членови се запознаа со актите на Комората кои ја регулираат материјата во делокругот на нивното работење.

Претседателот на ЦИК, д-р Ненад Цветановски, укажа и на податокот дека некои регионални одбори, по спроведените избори во Комората во 2018 година, немаат доволен број на претставници во регионите и дека едно делегатско место од РО Тетово, треба да се дополни со нов делегат откако делегатот од овој Регион на собраниска седница беше избрн за заменик-претседателот на Комора. Согласно изнесеното беше и констатиран

Дневниот ред

1.Доплонување на РО на СКМ со број на членови на региони, најмлаку пет по регион

2.Дополнување на местатото делегат во Собрание од РО Тетово

3.Разно

ЗАПИСНИК

1.Членовите на ЦИК по однос на првата точка од дневниот ред ги разгледаа материјалите од изборите спроведни по региони и записниците на претходниот состав на ЦИК и по кратка дискусија констатираа дека :

- Во РО Гевгелија, Дојран, Валандово и Богданци ; РО Свети Николе, Лозово, Пробиштип и Македонска Каменица; РО Аеродром; РО Гази Баба; РО Берово, Делчево и Пехчево по спроведените избори во регионите, согласно член 14 точка 1 од "П Р А В И Л Н И К за избор и отповикување на членови во регионалните одбори, делегати на Собранието и претседател на Стоматолошката комора на Македонија", недостасуваат членови во регионалните одбори.

- По разгледување на аргументите согласно доставените записници од регионалните одбори, ЦИК заклучи дека на седниците на избор на членови на региони во РО Берово, Делчево и Пехчево на листата за членови на РО гласови не добиле, но биле предложени од најмалку 5 колеги д-р Јаготка Петровска и д-р Слободан Рушковски.

ЦИК едногласно со став дека иако по спроведеното гласање колегите Јаготка Петровска и Слободан Рушковски не освоиле гласови, согласно член 14 точка 1 и 4 и член 15 алинеа 3 од Правилникот, биле поддржани за кандидати на РО од најмалку пет колеги, со што влегуваат како четврти и петти членови на РО.

Согласно согласно член 14 точка 1 и 4, член 15 алинеа 3 и член 18 од Правилникот за избор и отповикување на членови во регионалните одбори и член 55, 56 и 58 став 1 од Статутот на Комората и изборниот материјал доставен од РО до ЦИК на СКМ и записниците од претходниот состав на ЦИК, Централната изборна комисија на својата седница одржана на 19.09.2018 година донесе

Арх. знак 150/
Рок на чување шр.
19.10 2018 год.
Потпис,

ОДЛУКА

Член 1

Д-р Јаготка Петровска и д-р Слободан Рушковски ги исполнуваат условите за членови на РО Берово, Делчево и Пехчево.

Член 2

ЦИК ја утврдува конечната листа за РО Берово, Делчево и Пехчево која гласи :

Д-р Димитар Малешевски, д-р Јадранка Атанасова, д-р Габриела Арменска, Слободан Рушковски и д-р Јаготка Петровска се членови на РО Берово, Делчево и Пехчево.

Член 3

Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

По однос на разгледаните аргументите, согласно доставените записници од регионалните одбори, ЦИК заклучи дека на седниците на избор на членови на региони РО Свети Николе Лозово, Пробиштип и Македонска Каменица, согласно член 14 точка 1 и 4, член 15 алинеа 3 и 4 од Правилникот, д-р Драгиша Николовски и д-р Кире Алексов биле поддржани за кандидати за членови на РО од најмалку пет колеги, но немале освоено гласови на спроведениот избор во Регионот. Откако ЦИК, согласно податоците од Регистерот на СКМ за кој од двајцата предложени колеги имал подолг стаж како член на Комора, едногласно ослучи д-р Драгиша Николовски да биде именуван за член на РО Свети Николе, Лозово, Пробиштип и Македонска Каменица за новиот четиригодишен мандат од 2018-2022 година.

Согласно согласно член 14 точка 1 и 4, член 15 алинеа 3 и член 18 од Правилникот за избор и отповикување на членови во регионалните одбори и член 55, 56 и 58 став 1 од Статутот на Комората и изборниот материјал доставен од РО до ЦИК на СКМ и записниците од претходниот состав на ЦИК, Централната изборна комисија на својата седница одржана на 19.09.2018 година донесе

ОДЛУКА

Член 1

Д-р Драгиша Николовски ги исполнуваат условите за членови на РО Свети Николе, Лозово, Пробиштип и Македонска Каменица.

Член 2

ЦИК ја утврдува конечната листа за РО Свети Николе, Лозово, Пробиштип и Македонска Каменица која гласи

Д-р Зоран Нунев, д-р Љупка Давидков, д-р Зоран Трајков, д-р Павле Јованчев и д-р Драгиша Николовски се членови на РО Свети Николе, Лозово, Пробиштип и Македонска Каменица.

Член 3

Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

По однос на РО Аеродром, по разгледаните аргументите, согласно доставените записници од регионалниот одбор, ЦИК заклучи дека на седниците на избор на членови на региони РО Аеродром, согласно член 14 точка 1 и 4, член 15 алинеа 3 и 4 од Правилникот, д-р Деан Атанасов бил поддржани за кандидати за член на РО од најмалку пет колеги, но немал освоено гласови на спроведениот избор во Регионст, по што ЦИК едногласно ослучи д-р Деан Атанасов може да биде именуван за член на РО Аеродром за новиот четиригодишен мандат од 2018-2022 година.

согласно согласно член 14 точка 1 и 4, член 15 алинеа 3 и член 18 од Правилникот за избор и отповикување на членови во регионалните одбори и член 55, 56 и 58 став 1 од Статутот на Комората и изборниот материјал доставен од РО до ЦИК на СКМ и записниците од претходниот состав на ЦИК, Централната изборна комисија на својата седница одржана на 19.09.2018 година донесе

ОДЛУКА

Член 1

Д-р Деан Атанасов ги исполнуваат условите за членови на РО Аеродром.

Член 2

ЦИК ја утврдува конечната листа за РО Аеродром која гласи

Д-р Емилија Стафановска, д-р Тереза Балиќ Ѓуриќ, д-р Марија М. Манева, д-р Боби Мицевски и д-р Деан Атанасов.

Член 3

Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

- Во врска со документите коишто се однесуваат на РО Гази Баба и РО Гевгелија, Централната изборна Комисија заклучи дека претходниот состав на ЦИК добил некомплетна документација од регионите поради што за надополнитувањето на местата во тие региони со пет члена побара правно мислење од правниот консултант на Комората.

2.По однос на РО Куманово, РО Струмица и РО Тетово, ЦИК со заклучок дека согласно член 20 став 2 од од Правилникот за избор и отповикување на членови во регионалните одбори, д-р Маријан Денковски, д-р Коста Изов и д-р Ќенан Ферати кои биле избрани за делегати на Собранието биле избрани и на функциите претседател на Комора и двајца заменици на СКМ. Испразнатите делегатски места за РО Куманово, Крива Паланка, Кратово, Ранковце, Старо Нагоричане и Липково и РО Струмица, Василево, Босилово и Ново Село на седница на Собранието на СКМ одржана на 03.07.2018 година биле надополнети со д-р д-р Марија Оџакова Смилева за РО РО Струмица, Василево, Босилово и Ново Село и д-р Снежана Стоименова за РО Куманово, Крива Паланка, Кратово, Ранковце, Старо Нагоричане и Липково.

Испразнетото место на делегат во Собранието за РО Тетово, не било дополнето на истата собраниска седница со друг делегат на Собранието од тој Регион.

Согласно погоре констатираното, ЦИК побара правно толкување за :

- дали со преземањето на функцијата претседател или замени-претседател на Стоматолошка комора на Македонија се испразнети и местоата за членови во горенаведените региони, и
- која е правната рамка по која може, доколку така се констатира, да се надополни празното место на член во РО Тетово и делегат на Собрание од РО Тетово а притоа да се има предвид етничката застапеност во Регионот, согласно Статутот и другите акти на Комората.

Централната изборна комисија на СКМ одлучи својата нова седница да ја закаже по добивање на правниот совет од правниот консултант на Комората.

Централна изборна комисија на СКМ

Претседател

Д-р Ненад Цветановски